РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 04-668/17
25.08 2023 год.
РАНКОВЦЕ

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локалната самоуправа ( СВ на РМ бр.02/2005) и врз основа на член 45 став 1 од Законот за административни службеници (Службен Весник на Република Македонија бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.275/2019,14/2020, 215/2021 и 99/2022 г.) на ден 25.08.2023 г. Градоначалникот на Општина Ранковце донесе

**ОДЛУКА**
**за неизбор на кандидат за вработување на 1 административен службеник по пат на Јавен оглас број 235/2023**

1. Со оваа Одлука **се врши неизбор** на кандидат за вработување на 1 административен службеник по спроведен Јавен оглас број 235/2023 за извршител на работното место под реден број Животна средина, уредување и управување со градежно земјиште и просторно и урбанистичко планирање со звање Помлад соработник со шифра УПР0101В04000 во Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина, локален економски развој и јавни дејности во општина Ранковце.
2. Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето. Истата да се достави до неизбраниот кандидат, да се објави на интернет страницата на општина Ранковце и да се достави за објавување на огласната табла на Агенцијата за администрација.

***Образложение***

Врз основа на Решение за поведување на постапка за вработување на 1 административен службеник во Општина Ранковце бр.04-668/1 од 22.06.2023 г.; Барање број 01/2023 за објавување на Јавен оглас за вработување на 1 административен службеник бр. 04-668/3 од 22.06.2023 г.; Известување бр. 10-1271/2 од 04.07.2023 г. од Агенцијата за администрација и Дополнување на Барање бр. 04-668/8 од 10.07.2023 г. - Агенцијата за администрација на својата интернет страница http://aa.mk на ден 18.07.2023 г. објави Јавен оглас број 235/2023 кој беше објавен и во дневните весници „Слободен печат" , „Нова Македонија" и „Лајм" и на ден 18.07.2023 г. за вработување 1 административен службеник во Општина Ранковце и тоа за работното место Животна средина, уредување и управување со градежно земјиште и просторно и урбанистичко планирање со звање Помлад соработник.

Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас, формирана со Решение бр. 10-1271/5 од 27.07.2023 г. по објавениот Јавен оглас бр. 235/2023 спроведе административна селекција за наведениот Јавен оглас за што изготви Записник од спроведената административна селекција за административен службеник бр. 10-1271/6 од 03.08.2023 г.

Наведената Комисија за селекција спроведе испит за административен службеник и изготви Записник од спроведениот испит за административен службеник бр. 10-1271/7 од 16.08.2023 г. и спроведе постапка за проверка на веродостојноста на докази и интервју со кандидатите за административен службеник, за што исто така изготви Записник бр. 10-1271/8 од 18.08.2023 г. и врз основа на резултатите од образованието, спроведениот испит за државен службеник и спроведеното интервју е изготвена Ранг листа и Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас бр.235/2023 дел. бр. 10-1271/9 од 18.08.2023 г. која е предложена на градоначалникот на општина Ранковце да донесе Одлука за избор на кандидат за вработување.

Градоначалникот на општина Ранковце на ден од 25.08.2023 г. донесе одлука како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство:** Против оваа одлука, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на огласната табла и интернет страницата на Агенцијата за администрација http://aa.mk преку Општина Ранковце.

*Доставено до: - Избраниот кандидат; - Агенција за администрација; - ОУЧР; - Архива ;*
*Изготвил: М. Каранфиловски*

**25.08.2023 г.**
**Ранковце**

**ОПШТИНА РАНКОВЦЕ**
**Градоначалник,**
**Борче Спасовски**